АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

# Пазарот на осигурување во Република Македонија во првата половина од 2014 година и проекции за тековната година

Во првата половина од 2014 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст БПП) во вкупен износ од 3,98 милијарди денари, што претставува пораст од 9,72% во однос на БПП остварена во првата половина од 2013 година (1Н 2013[1]: 3,62 милијарди денари).

Позитивниот тренд е присутен во двата сегменти на осигурувањето, со тоа што во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 3,59 милијарди денари (1Н 2013: 3,30 милијарди денари), или истата изнесува 90,32% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пораст од 8,74% во однос на истиот период од минатата година. Овој висок пораст во делот на неживотното осигурување пред се сè должи на порастот на осигурувањето на имот од 23,61% со БПП 954,06 милиони денари (1Н 2013: 771,83 милиони денари) и на осигурувањето од автомобилска одговорност (АО) од 4,26% со БПП од 1,63 милијарди денари 1Н 2013: 1,56 милијарди денари).
Притоа сакаме да истакнеме дека во 2014 година се забележува пораст од 34,77% на остварената БПП за земјоделско осигурување која изнесува 105,06 милиони денари (1Н 2013: БПП од 77,95 милиони денари). Воедно, за прв пат на пазарот за осигурување се нудат производи за дополнително здравствено осигурување, при што во првата половина од 2014 година се продадени 36 договори за доброволно здравствено осигурување со вкупна премија од 1,035,930 денари. Иако учеството на овие две класи на осигурување во вкупната структура е многу мало, очекуваме да бидат иден потенцијал за развој на пазарот на осигурување во целост.

Во делот за осигурување на живот, продолжува двоцифрената стапка на пораст и во 2014 година и таа изнесува 19,83%, при што остварената БПП изнесува 385 милиони денари (1Н 2013: 321 милиони денари).

Во рамки на одделните класи на осигурување во однос на структурата на вкупната БПП, продолжува трендот на намалување на релативното учество на задолжителното осигурување од автоодговорност (АО) со учество од 40,98% (1Н 2013: 43,12%), додека пак се забележува постојан тренд на порастат на учеството на осигурувањето на имоти, со учество од 23,99% (1Н 2013: 21,29%). Кај останатите класи кои се традиционално најприсутни, се забележува понатамошен пад на доброволното осигурувањето на патнички возила (каско) со учество од 8,73% (1Н 2013: 10,03%) и речиси непроменета состојба кај осигурувањето од незгода со учество од 8,28% (1Н 2013: 8,95%).

Друштвата за осигурување во првата половина од 2014 година исплатиле бруто - износ на штети од 1,40 милијарди денари. Во споредба со првата половина од 2013 година бруто исплатените штети бележат пад од 0,95% (1Н 2013: 1,41 милиони денари).

[1] Прва половина од 2013 година

Заклучно со првата половина од 2014 година на пазарот на осигурување во Република Македонија активно работат 15 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 4 осигурување на живот. Во овој период, на пазарот на осигурување делуваат и 27 осигурително брокерски друштва и 12 друштвата за застапување. Во 15-те друштва за осигурување вработени се 1.700 лица и се бележи пораст од 5,39% во однос на вработени лица во 2013 година.

Во првата половина од 2014 година, во доменот на пазарната концентрација во делот на неживотното осигурување, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 4. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Триглав осигурување со 16,71% (1Н 2013: 16,16%), Осигурување Македонија со 14,71% (1Н 2013: 10,90%), Винер со 12,52% (1Н 2013: 12,77%), и Евролинк со 10,63% (1Н 2013: 12,07%). Во делот на осигурување на живот доминантно учество заземаат Граве со 42,89% (1Н 2013: 42,96%) и Кроација живот со 42,17% (1Н 2013: 43,70%).

Во структурата на каналите на продажба најголемо учество зазема директната продажба со 45,89%, потоа следи продажбата преку осигурително брокерски друштва со 21,71%, продажбата преку агенти- физички лица со 18,14%, продажба преку друштва за застапување во осигурување со 10,75% и 3,51% преку останати дистрибутивни канали.

Согласно Законот за супервизија на осигурување, друштвата треба да ја одржуваат вредноста на капиталот барем во висина на потребното ниво на маргината на солвентност. Според доставените податоци до АСО, на крајот на првата половина од 2014 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 4,91 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,19 милијарди денари (кај неживотното осигурување **1,07** милијарди денари, а кај осигурувањето на живот **123** милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

Во периодот 1.1- 30.6.2014 осигурителниот сектор оствари добивка во износ од **157** милиони денари. Кај друштвата за неживотно осигурување, загуба во износ од 44 милиони денари прикажаа четири друштва, а останатите седум друштва остварија добивка во износ од 206 милиони денари. Кај друштвата за осигурување на живот, друштвата остварија загуба во износ од 4 милиони денари, и тоа три друштва остварија добивка од 21 милион денари, а едно друштва прикажаа загуба во износ од 25 милиони денари.

Вкупните вложувања на друштвата за осигурување, кои произлегуваат од вложувања што ги покриваат техничките резерви, математичката резерва и капиталот, во првата половина од 2014 година изнесуваат **11,02** милијарди денари односно бележат пораст од 16,18% во споредба со 2013 година (2013: 9,48 милијарди денари).

Со состојба на 30.06.2014, друштвата за неживотно осигурување го исполнија минималното потребно ниво на средства коишто ги покриваат техничките резерви. Вложувањата на средствата од техничките резерви во рамки на оваа група изнесуваа **5,67** милијарди денари и покриваа **102,6%** од техничките резерви кај овие друштва. Додека пак, кај друштвата коишто работат осигурување на живот, вкупните вложувања на средствата кои ги покриваат

техничките на 30.06.2014 година изнесуваат **1,84** милијарди денари, односно покриеноста на техничките резерви и математичката резерва изнесуваше **102,3%.**

Во првата половина од 2014 година, друштвата за неживотно осигурување најголем дел од средствата коишто ги покриваат техничките резерви ги пласираа во државни хартии од вредност издадени од Република Македонија (51,24%), банки (44,97%), акции (0,96%) и во инвестициони фондови (2,83%). Друштвата за осигурување на живот најголем дел од средствата коишто ја покриваат техничките резерви и математичката резерва ги пласираа во хартии од вредност издадени од Република Македонија (76,60%), банки (21,91%), акции (1,36%) и во други финансиски инструменти (0,12%).

Во периодот од 1.1.2014 до 30.6.2014 година, до АСО се поднесени 82 претставки и резултатите се како што следува:

- 57 решени претставки (28 позитивно и 29 негативно),
- 8 во процес на решавање, и
- 17 без основ за постапување.

До крајот на 2014 година очекуваме пораст на БПП и во делот на неживотното осигурување и во делот на осигурувањето на живот.

Во сегментот на осигурување на живот ќе продолжи динамичкиот двоцифрен раст и оваа година. Понатака, се поактивното вклучување на банките како алтернативен канал за дистрибуција на овие продукти и нивни поврзување со банкарските продукти претставува еден од предизвиците за развој на осигурувањето на живот. Исто така, значаен фактор за долгорочната перспектива за развојот на осигурувањето на живот претставува макроекономската, монетарна и фискална стабилност на државата, како и се поголемиот степен на финансиска едукација на граѓаните на Р. Македонија. Преземените активностите од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување и на Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување и Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, согласно склучениот меморандум за финансиска едукација на граѓаните на Р. Македонија, претставуваат важен фактор за зголемување на нивото на финансиско описменување, а воедно тоа претставува и фактор за понатамошен развој на осигурувањето.

Проектот на Европа Ре стана реалност и веќе првите два осигурителни производи (комерцијални и станбени производи за осигурување од земјотрес и поплава и производи за земјоделството за заштита од временски непогоди) се нудат на пазарот.

Во делот на неживотното осигурување, странските директни инвестиции и отворањето на нови фабрики има влијание на страната на побарувачката во делот на имотното осигурување, менаџерското осигурување, колективно осигурување од незгода, осигурување од прекин на работниот процес, одговорност спрема трети лица, дополнително здравствено осигурување на вработените, транспортно осигурување и др.